Република Северна Македонија
Јавна установа Центар за социјална работа
Валандово
Бр. 04-156
02.10.2023 год.
Валандово

РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
ЈУ ЦЕНТАР ЗА СОЦИЈАЛНА РАБОТА ВАЛАНДОВО

**Врз основа на член 211 став 1 и 2 и член 212 став 5 и 6, од** Законот за социјална заштита (Службен весник на Република Северна Македонија бр.104/19, 146/19, 275/19, 302/20, 311/20, 163/21, 294/21, 99/22, 236/22 и 65/23), **ВД Директорот на Јавна Установа Центар за социјална работа Валандово објавува:**

**ИНТЕРЕН ОГЛАС 02/2023**
**за пополнување на слободно работно место со унапредување на еден извршител давател на јавна услуги во ЈУ Центар за социјална работа Валандово**

ЈУ Центар за социјална работа Валандово, објавува интерен оглас за вработување на еден извршител на неопределено време на следната позиција

1. **CO30303A04020 – Водител на случај во ЦСР – Социјален работник – еден(1) извршител;**

Кандидатот треба да ги исполнува следните општи услови утврдени со Правилникот за систематизација на работните места на ЈУ Центар за социјална работа Валандово и Законот за социјална заштита:

**Општите услови**:
- да е државјанин на Република Северна Македонија;
- да е полнолетен;
- да има општа здравствена способност за работното место; и
- со правосилна судска пресуда да не му е изречена казна забрана на вршење професија, дејност или должност;

Секој кандидат треба да ги исполнува следните **посебни услови** утврдени со Законот за социјална заштита и Правилникот за систематизација на работните места на ЈУ Центар за социјална работа Валандово:

- За водител на случај во ЦСР-Социјален работник , за нивото А4, стекнати 240 кредити според ЕКТС или завршен VII/1 степен(Филозовски факултет-социјална работа и социлјна политика) и најмалку две години работно искуство
- активно познавање на комјутерски програми за канцелариско работење.

**Општи работни компетенции на средно ниво се:**
- Учење и развој,
- Комуникација,
- Остварување резултати,
- Работење со други/тимска работа,
- Ориентираност кон странките/засегнати страни
- финасиско управување

**Распоред на работно време**
-*Работни денови:* Понеделник-Петок,
-*Работни часови*: неделно 40 часа,
-*Работно време*: флексибилно со почеток од 07:30 до 08:30 и завршеток од 15:30 до 16:30 часот.

Паричен нето износ на плата за работно место - **28.928,00 денари.**

На интерниот оглас може да се јават даватели на јавни услуги, вработени во ЈУ Центар за социјална работа Валандово, кој ги исполнува општите и посебните услови за пополнување на работните места пропишани за соодветното ниво во закон и актот за систематизација, како и :
– да е оценет со оцена „4" или „5" при последното оценување,
– да поминал најмалку две години на тековното работно место и
– да не му е изречена дисциплинска мерка во последната година пред објавувањето на интерниот оглас.
Во пријавата кандидатите се должни под материјална и кривична одговорност да потврдат дека податоците во пријавата се точни, а доставените докази верни на оригиналот. Пријавата за огласот може да се подигне од архивата на ЈУ Центар за социјална работа-Валандово.

Кандидатот кој внел лажни податоци во пријавата се дисквалификува од понатамошната постапка по овој оглас.
Рокот за доставување на пријавите со потребните документи изнесува 3 работни дена сметано од денот на објавувањето на интерниот оглас. Условите наведени во интерниот оглас, кандидатите треба да ги исполнуваат во моментот на пријавувањето.
Кандидатите со уредна документација кои ги исполнуваат потребните услови ќе бидат повикани на интервју во ЈУ Центар за социјална работа Валандово.
Постапката ќе ја спроведе Комисија за селекција на кандидати за давател на јавни услуги формирана од страна на ВД Директорот на ЈУ Центар за социјална работа Валандово.

**Кандидатите заедно со пријавата треба да ги доставaт потребните документи за исполнување на општите и посебните услови:**
**-Уверение за државјанство;**
**-Доказ за општа здравствена способност;**
**-Потврда/Уверение дека со правосилна судска пресуда да не му е изречена казна забрана за вршење професија, дејност или должност;**
**-Доказ за соодветното работно искуство;**
**-Доказ – Диплома/Уверение за завршено образование;**
**-Доказ за познавање на компјутерски програми за канцелариско работење.**

Овој интерен оглас се објавува истовремено на веб страницата и на огласната табла на ЈУ Центар за социјална работа Валандово.

Пријавата со потребната документација кандидатите треба да ја достават до архивата на ЈУ Центар за социјална работа Валандово или по пошта на следната адреса-: ул." Никола Карев бр.24 - Валандово
Контакт телефон 034/382-008
Ненавремените пријави и документација нема да се разгледуваат.

ВД Директор
Благоје Зајков